# Број 12

# 29.09.2023 година

Службен гласник на општина Делчево Уредува
Излегува по потреба Одделение за правни и општи работи

СЕПТЕМВРИ 2023

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 29.09.2023 година, донесе

РЕШЕНИЕ

За објавување на акти од 27.седница
на Советот на Општина Делчево

I

Да се објават во „Сл.гласник на општина Делчево, актите донесени на 27.седница која се одржа на 28.09.2023 година и тоа:

1. **Одлука** за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година;
2. **Заклучок** за усвојување на Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево за 2024 година;
3. **Заклучок** за усвојување на Годишен извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2022/2023 година;
4.**Одлука** за утврдување на надоместок за прекопување на општински патишта, улици и тротоари на подрачјето на општина Делчево;
5. **Одлука** за определување на тарифа за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Делчево
6. **Заклучок** за неусвојување на Шестмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за периодот од 01.01.2023 до 30.06.2023 година;
7.**Одлука** за парична помош по Барање 21-241 од 20.09.2023 година;
8.**Одлука** за финансиска поддршка по Барање бр.09-1664/1 од 23.08.2023 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08- 1998/1
29.09.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

1.

1.Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија"бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21), член 93 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), член 126 од Статутот на Општина Делчево ("Службен гласник на Општина Делчево" бр.15/13, 2/19, 1/21), одредбите од Гранскиот колективен договор за органите на државната управа,стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, Државното правобранителство, општините, градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија (-„Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/20 и 172/21) и одредбите од Колективниот договор склучен помеѓу Синдикатот на УПОЗ, синдикална организација на синдикат на УПОЗ во општина Делчево и општина Делчево со бр.08-2666/1 од 21.12.2022 година, Советот на Општина Делчево на 27-та седница одржана на 28.09.2023 година, донесе

## О Д Л У К А

### За измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година

### Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година бр.09-2698/1 од 26.12.2022 година, во член 9 став 1 алинејата 1
се менува и гласи:
- коефициент за утврдување на платата на избраните и именуваните лица - Градоначалник се определува според бројот на жителите во општината и изнесува 2,9, а основицата на која се пресметува изнесува 47.637.

### Член 2

Основицата наведена во член 1, ќе се применува согласно Одлуката на Уставен Суд на РСМ од 21.03.2023 година, У бр.113/2022,(Сл.весник на РМ. бр.65/2023).

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Делчево".

Бр.09-1986/1
28.09.2023 година
Делчево

Совет на Општина
Претседател,
Гоце Попов,с.р.

2. Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 20-а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20 , а согласно член 32 од Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/20 и 215/21) ),Советот на Општина Делчево, на својата 27. редовна седница, одржана на ден 28.09.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишен план за вработување**
**на ОЈУДГ „Весели Цветови“ Делчево за 2024 година**

1. Се Годишниот план за вработување на ОЈУДГ „Весели Цветови“ Делчево за 2024 година бр.0102-90/1 од 16.08.2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Делчево“.

Број 09-1987 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.09.2023 година Претседател,

Делчево

Гоце Попов,с.р.

3.Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“15/2013,2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 27 .редовна седница, одржана на ден 28.09. 2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извештај за работата на**
**ООУ „Свети Климент Охридски“-Делчево за учебната 2022/2023**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работа на ООУ „Свети Климент Охридски“-Делчево за учебната2022/2023 година број 03-541/1 од 31.08.2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09-1988/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
28.09. 2023 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

4. Врз основа на членот 62 и член 40 став 6 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија„ бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21) и членот 22 и 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 15 и 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.15/13 и 2/2019), Советот на Општина Делчево на седницата одржана на ден 28.09.2023 година, донесе

## О Д Л У К А

**за утврдување на надоместок за прекопување на општински патишта, улици и тротоари на подрачјето на општина Делчево**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за санација на трајни оштетувања на извршени прекопи на асфалтни, бетонски и бекатон површини, а за поставување на определени инсталации и уреди на општински патишта, улици и тротоари на подрачјето на општина Делчево.

Член 2

Висината на надоместокот за работите на асфалтни и бетонски површини на оваа Одлука изнесува 2.461,48 денари за 1 $м^2$ извршен прекоп на општински пат, улица или тротоар.

Член 3

Висината на надоместокот за бекатон површини на оваа Одлука изнесува 1.995,38 денари за 1 $м^2$ извршен прекоп на улична и тротоарска површина.

Член 4

Предмер-пресметките се составен дел на Одлуката за утврдување на надоместок за прекопување на општински патишта, улици и тротоари на подрачјето на општина Делчево.

Член 5

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-1989/1
28.09.2023
Делчево

Совет на Општина Делчево
Претседател,
Гоце Попов,с.р.

5. Врз основа на член 22 став 1 алинеја 4 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр. 68/2004, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 06/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/2016, 71/16, 64/18 и 163/18) и член 5 став 6 од Одлуката за уредување на превозот во патниот сообраќај на подрачјето на општина Делчево број 07-296/1 од 02.02.2012 година и измената и дополнувањето на Одлуката за уредување на превозот во патниот сообраќај на подрачјето на Општина Делчево бр.07-2328/1 од 27.09.2012 год. бр.09-241/1 од 22.02.2017 год., бр.09-771/1 од 30.04.2019 год. и бр.09-1275/1 од 08.07.2019 год., Советот на Општина Делчево 27. седница одржана на 28.09.2023 година, донесе

## О Д Л У К А

## за определување на тарифа за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Делчево

Член 1

Со оваа Одлука се определува тарифата за вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Делчево

Член 2

Тарифата за вршење на општински линиски превоз по патник во зависност од видот на линиите со кои располага општината е претставена преку следниот табеларен приказ:

| ВИД НА ЛИНИЈА | ЦЕНА (ВО ДЕНАРИ БЕЗ ДДВ) во еден правец |
|---|---|
| ДЕЛЧЕВО – С.ГАБРОВО | 50 |
| ДЕЛЧЕВО – С.ЅВЕГОР | 50 |
| ДЕЛЧЕВО – С.СТАМЕР | 60 |
| ДЕЛЧЕВО – С.ГРАД | 75 |
| ДЕЛЧЕВО – ВИРЧЕ | 75 |
| ДЕЛЧЕВО – С.ТРАБОТИВИШТЕ | 80 |
| ДЕЛЧЕВО – С.СТАР ИСТЕВНИК И С.НОВ ИСТЕВНИК | 100 |
| ДЕЛЧЕВО – С.РАЗЛОВЦИ | 120 |
| ДЕЛЧЕВО – ГОЛАК (РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР) | 110 |
| ДЕЛЧЕВО – С.БИГЛА – С.ТУРИЈА | 120 |
| ДЕЛЧЕВО – С.ИЛИОВО – С.ТУРИЈА | 120 |
| ДЕЛЧЕВО – С.ОЧИПАЛА | 55 |
| ДЕЛЧЕВО – С.ДРАМЧЕ | 90 |
| ДЕЛЧЕВО– С.СЕЛНИК | 90 |
| ДЕЛЧЕВО – С.ВРАТИСЛАВЦИ | 120 |
| ДЕЛЧЕВО – С.ПОЛЕТО | 40 |
| ДЕЛЧЕВО – С.ВЕТРЕН | 50 |
| ДЕЛЧЕВО – С.КИСЕЛИЦА | 70 |
| ДЕЛЧЕВО – ГРАНИЧЕН ПРЕМИН „ДЕЛЧЕВО“ | 110 |
| ДЕЛЧЕВО – С.ЧИФЛИК | 60 |
| С.СТАМЕР – С.ГРАД | 60 |
| С.ВИРЧЕ – С.ГРАД | 60 |

Член 3

Цената на превозот по патник и по вид на линија превозниците ќе ја наплатуваат врз основа на утврдениот износ во дадената табела од член 2 од оваа Одлука. Превозникот е должен да се придржува на определените цени за превоз и без одобрение на Советот на општината не смее да прави промени на истата.

Член 4

Превозниците кои вршат општински линиски превоз на патници при регистрирање на возен ред и добивање на дозвола за определена линија се должни да приложат ценовник за превоз по патник и вид на линија чии цени се идентични со цените од член 2 на оваа Одлука.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на тарифа на линиски општински превоз на патници на подрачјето на општината бр.09-1649/1 од 26.08.2019 година.

Член 6

Одуката за тарифата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-1990/1 — Совет на Општина Делчево
28.09.2023 година — Претседател,
Делчево — Гоце Попов,с.р.

**6.** Врз основа на член 5 став 3 од Законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 9/97, 6/202, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018) и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 27.редовна седница, одржана на ден 28.09.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за неусвојување на Шестмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2023 -30.06.2023**

1.Советот на Општина Делчево **не го усвои** Шестмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за периодот 01.01.2023 - 30.06.2023 година, број 0102-263/1 од 31.07.2023 година, усвоен од страна на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево со Одлука број 0202-274/2 од 04.08.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 1991 /1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
28.09. 2023 година — Претседател,
Д е л ч е в о — Гоце Попов,с.р.

7. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање УП1 21-241/1 од 20.09.2023 година, Советот на Општина Делчево на својата 27.седница, одржана на ден 28.09.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за парична помош по Барање УП1 21-241/1 од 23.08.2023 година**

Член 1
Се одобрува парична помош во износ од 5.000 денари на Ариф Асанов од с.Тработивиште.

Член 2
Средствата ќе бидат исплатени на име Ариф Асанов на трансакциска сметка 200001315707798, Стопанска банка АД Скопје.

Член 3
Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 1992/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**28.09.2023 година** **Претседател,**

**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

8. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање 09-1664/1 од 23.08.2023 година, Советот на Општина Делчево на својата 27.седница, одржана на ден 28.09.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за финансиска поддршка по Барање бр.09-1664/1 од 23.08.2023 година**

Член 1
Се одобруваат финансиски средства во износ од **20.000** денари.
Средствата ќе бидат наменети за печатење на книги со детски афоризми „Во светот на палавите афоризмичиња 1 и 2“ и „Палави афоризмичиња“ од авторот Миле Ѓорѓијоски.

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени на име Миле Ѓорѓијоски на трансакциска сметка 240167005689997 УНИ банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 – 1993 /1 | СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.09. 2023 година | Претседател,

Делчево | Гоце Попов,с.р.